Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1.6.2021 година

Скопје, јуни 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1.6.2021 година

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (вкв), Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија (вкв), Горан Сугарески, директор на Царинската управа (вкв), Анета Симеска Димоска, в.д. директор на Државен пазарен инспекторат (вкв), Мерита Мустафаи, директор на Бирото за метрологија (вкв) и Ана Петровска, директор на Државниот инспекторат за животна средина (вкв).

Од седницата отсуствуваше Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 70-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 71-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 мај 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 72-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 73-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 мај 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 74-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 мај 2021 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- Агенда Европа дома (статус 1.6.2021 година)

1. Записник од Триесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 31 мај 2021 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 28 мај 2021 година и Предлог на протокол за организирање свадби/прослави и веселби

2. Записник од Тринаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 28 мај 2021 година, со Записник од петтата седница на Групата за процена, одржана на 27.5.2021 година и со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2

3. Годишна сметка за 2020 година и Годишниот извештај за работењето за 2020 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со Ревизорски извештај

4. Годишна сметка и Годишниот извештај за работата на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2020 година, со Ревизорски извештај и Предлог – одлука

5. Информација за потребата од обезбедување на средства од заем од Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) за изградба на автопатска делница Букојчани - Кичево, како дел од европскиот коридор VIII (државен пат А2)

6. Правилник за формата и содржината на регистарот, формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за одобрување на операторите со храна, начинот на издавањето и повлекувањето на одобрението на објектите за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло, како и формата и содржината на одобрението

7. Информација за превентивни мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста африканска чума кај свињите

8. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2021 година, со Предлог – одлука

9. Барање согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот буџет на Општина Дебрца за 2021 година

10. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Барт Енерги ДОО Тетово

11. Информација за постапката за продажба на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за изградба на објект од јавен интерес, со Предлог-одлука

12. Барање од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во врска со долговите по основ на неплатени комунални сметки на Комисијата за заштита од дискриминација

13. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (кујнска опрема)

14. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

15. Барање согласност за расходување на движни ствари, кои се застарени и неупотребливи за понатамошна употреба, со Предлог-одлука

16. Годишен извештај за работата на Одборот за Национална рамка на квалификации за 2020 година

17. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на претседател, заменик - претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии

18. Предлог-одлуки за давање на согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 23 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и Предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност

19. Информација за потребата за обезбедување на простор под закуп за потребите на Оперативно-техничка агенција - Скопје

20. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП 03-154/20 (за КП 19544/1 м.в Моша Пијаде КО Куманово)

21. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.5552/1 и КП бр.5552/2 КО Тетово 2) ДП 03-12/1

22. Барање согласност за Листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Дебар

23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва

24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи

26. Предлог на фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2022-2024 (со изгледи до 2026)

27. Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2022-2024 година (со изгледи до 2026)

28. Информација за продолжување на рокот на отплата и одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата кај кредитната линија од Компензационите фондови „Ковид 2“, со Предлог – одлука

29. Информација за мерките за наплата на даночни долгови на јавните претпријатија како даночни должници и предлог за следни мерки и активности за подобрување на нивната даночна дисциплина

30. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализациона мрежа за н.м. Ласкарце, Општина Сарај

31. Информација за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог – одлука и Предлог – решение

32. Информација за одобрување на Тендерска документација за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, со Тендерска документација

33. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Славица Минчева, ул.Страшо Пинџур бр.190, Ваташа, Кавадарци, со Предлог-одлука

34. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство трговија и услуги Хем-алијанс ДООЕЛ Неготино, со Предлог – одлука

35. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Винаријасковин група ДООЕЛ Скопје, со Предлог – одлука

36. Информација со предлог за донесување одлука за продажба на недвижен и движен имот (три машини) кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски - Папучар„ АД од Куманово и е доделен на Република Северна Македонија, со предлог – одлуки

37. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка

38. Предлог на закон за медијација*

39. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи

40. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување

41. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR 29“ во Сојузна Република Германија, со Предлог – одлука

42. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешна контрола и спречување и борба против корупцијата

43. Информација за Национална стратегија за ИКТ 2021 – 2025

44. Информација за состојбата на дигиталната трансформација во контекст на електронските услуги, клучни институции, пречки и следни чекори за дигитализација

45. Информација со Предлог - решение за изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност

46. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за правда

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес (ламинат – таркет)

48. Предлог-одлука за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација

49. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/142 на Советот од 5 февруари 2021 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1132

50. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/2033 на Советот од 10 декември 2020 година за изменување на

Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго

51. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/482 на Советот од 22 март 2021 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма

52. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1585 на Советот од 29 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди

53. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование

54. Информација за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование од учебната 2022-2023 година

55. Информација за реализација на Акцискиот план за статус на проектите финансирани во рамки на ИПА 2 Годишна програма за 2017 „ЕУ Поддршка за образование, вработување и социјална политика“ за Министерство за образование и наука

56. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција/рехабилитација на Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Киро Бурназ-с.Долно Коњаре Куманово, Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Ванчо Питошески-Охрид, Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Моша Пијаде-Тетово и надзор над планираните градежни работи

57. Предлог-одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2021/2022 година

58. Информација за подготвениот Годишен извештај за 2020 година за имплементација на Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика - (р) ЕСРП 2022

59. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација и Предлог – одлука за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за локална самоуправа

60. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници
61. Информација во врска со состојбата со Преспанското Езеро, поднесена од група пратеници

62. Годишен извештај за работа на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2020 година

63. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 70300 за КО Маџари на КП бр.1901, дел 6 на викано место/улица Благоја Стефковски

64. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.238 за КО Турје на КП бр. 2356/2, викано место/улица Село

65. Понуда од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2658 и Имотен лист бр.50716 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр.6819

66. Понуда од нотар Александар Гуњовски од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5442 за КО Штип - 5 на КП бр.8276, во место викано Пребег

67. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба на недвижност, која ќе се одржи на 1 јуни 2021 година, доставено под И.бр.573/21 од 14 мај 2021 година

68. Кадровски прашања

69. Прашања и предлози

70. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

71. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година

72. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1 јули 2020 до 30 септември 2020 година

73. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот јануари-март 2021 година

74. Тримесечен финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје, за периодот јануари-март 2021 година
75. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година

76. Информација за одложување, односно не реализирање на проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2021 година

77. Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2020 година

78. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2020 година

79. Информација со предлог активности за имплементација на дадените препораки во извештајот „Проценка на ранливост од корупција во политиките и постапките за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам"

80. Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со КОВИД-19 кризата

81. Информација по спроведена внатрешна контрола колкави количини од наведените нафтени деривати се увезени од 2018 година до 2020 година и под која царинска шифра е извршен увозот и дали податоците во декларациите соодветствуваат со дериватот што е увезен

82. Информација за наодите од истражувањето спроведено кај корисници на мазут-инсталациите во надлежност на Државниот инспекторат за животна средина и на овластените инспектори за животна средина на општините

83. Информација од Биро за метрологија во врска со контрола на неискористени количини на мазут во државните институции

84. Информација по спроведен вонреден инспекциски надзор со мобилната лабораторија за испитување на хемиски вредности и физички константи на јаглеводороди во нафтените деривати во компаниите што увезуваат, како и во институциите што користат вакви горива

85. Информација за тоа во кои и за колку случаи, за кои пратки и фирми Државниот пазарен инспекторат ја има користено мобилната лабораторија

за испитување на хемиски вредности и физички константи на јаглеводороди во нафтените деривати

86. Информација во врска со задолжението по точка 66 од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 18 мај 2021 година

87. Информација за состојбата со функционирање на ТД за угостителство, одмор и рекреација на пензионери „Борец“ ПИОМ ДОО Битола

88. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп

89. Информација за преземените активности за подготовка на учеството на Република Северна Македонија на „EXPO Dubai 2020”

90. Предлог - завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

91. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

92. Информација за регистрирани компании за меѓународен линиски и/или слободен превоз на патници и предлог – пресметка за исплата на износот на финансиска поддршка согласно мерките 7 и 8 од петтиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на COVID -19

93. Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

94. Предлог - одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2021 година, со индикативно планирани средства за 2022 година

*

*    *

Владата без забелешки ги усвои: Записникот од 70-та седница, одржана на 17 мај 2021 година; Записникот од 71-та седница, одржана на 18 мај 2021 година; Записникот од 72-та седница, одржана на 25 мај 2021 година; Записникот од 73-та (тематска) седница, одржана на 27 мај 2021 година и Записникот од 74-та седница, одржана на 29 мај 2021 година.

*
*     *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**-Агенда Европа дома (статус 1.6.2021 година)**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров ги информираше членовите на Владата за статусот на активностите од Агенда Европа дома (статус 1.6.2021 година).

Истовремено, информираше дека на наредната седница ќе достави темелен извештај за статусот на обврските и активностите, содржани во материјалот Агенда Европа дома, врз основа на остварените поединечни средби со членовите на Владата и други институции согласно активностите од Агендата.

*
*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Триесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 31 мај 2021 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 28 мај 2021 година и Предлог на протокол за организирање свадби/прослави и веселби и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Триесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 31 мај 2021 година.

2. Во врска со потребата од продолжување на постојните наредени мерки од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена кои се со важност до 1 јуни 2021 година (вторник):

2.1 Се забранува движење на населението и на возилата од јавен превоз на територија на Република Северна Македонија, во временски период од 24:00 часот до 4:00 часот, почнувајќи од 1 јуни 2021 година (вторник) до 15 јуни 2021 година (вторник).
2.2 Почнувајќи од 1 јуни 2021 година, да престане да важи наредената времена мерка за задолжително носење на лична заштита на лицето на отворен простор, со препорака за носење на истата кога лицата се во поголема група или во услови кога не може да се одржува дозволено минимално растојание од најмалку еден ипол до два метри од друго лице.

Останува на важност наредената времена мерка за задолжително носење на лична заштита на лицето во јавен превоз, такси превоз и во сите затворени простории, односно секое домашно или странско физичко лице на територијата на Република Северна Македонија задолжително треба да носи лична заштита на лицето при излегување надвор од својот дом (живеалиште и/или престојувалиште) и тоа при движење во затворени објекти, особено при движење на јавни места и површини од затворен тип (во установи од областа на образованието, во установи од областа на згрижување на деца, во установи од областа на културата, при возење во патничко моторно возило со лице/лица со кое/коешто не живее во заедничко домаќинство и други површини од затворен тип), на пазари и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, трговски центри, уплатно – исплатни места, молови, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени институции и слично).

2.3 Почнувајќи од 1 јуни 2021 година, да престане да важи наредената мерка за забрана за групирање на јавен простор на не повеќе од 4 лица.

2.4 Почнувајќи од 1 јуни 2021 година, да се дозволи присуство на гледачи - публика на спортските натпревари кои се одржуваат на отворено, до 30 % од вкупниот капацитет на спортскиот објект, со задолжително почитување на растојанието помеѓу посетителите од 1,5 - 2 метри (растојание од три седишта) и со доследно применување на мерките за заштита од КОВИД-19.

2.5 Почнувајќи од 1 јуни 2021 година (вторник) до 15 јуни 2021 година (вторник), да се затворат за посетители - гости, по 23:30 часот сите угостителски објекти, а за време на дозволеното работно време се дозволува работа само на отворените делови - тераси од угостителскиот објект.

Исклучок од став 1 на оваа точка се угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителскиот објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

Почнувајќи од 1 јуни 2021 година, се дозволува организирање на свадби, прослави и веселби на отворениот дел од угостителските објекти/тераси до најмногу 100 лица,

но не повеќе од 50% од капацитетот на просторот и до најмногу шест лица на маса со обезбедување на препорачанано физичко растојание помеѓу секој гостин и растојание помеѓу масите. Присуство на музичари е дозволено само при организирање на свадби, а согласно соодветен наменски Протокол.
2.6 Почнувајќи од 1 јуни 2021 година, се зголемува бројот на лица што може да седат на една маса во угостителските објекти од четири на шест лица со обезбедување на препорачанано физичко растојание помеѓу лицата на масата.

2.7 Престанува важењето на препораката за работа во смени, тимови и работа од далечина (дома), односно принцип на ротација.

Истовремено, Владата даде одобрување на Одбојкарската федерација на Македонија за организирање и одржување на завршниот турнир од Европската сребрена лига во одбојка, на 5 и 6 јуни 2021 година, со присуство на гледачи (публика), до максимум 30% исполнетост од капацитетот на спортскиот објект каде што ќе се одржува натпреварот - салата „Парк“ во Струмица, со задолжително почитување на растојанието помеѓу посетителите од 1,5 - 2 метри (растојание од три седишта) и со доследно применување на мерките за заштита од КОВИД-19, како и препорака за отворање на прозорците на спортскиот објект.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Записникот од Тринаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 28 мај 2021 година, со Записник од петтата седница на Групата за процена, одржана на 27.5.2021 година и со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението и заклучи:

1. Го усвои Записникот од Тринаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 28 мај 2021 година.

2. Го утврди Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на Пандемија прогласена од Светската Здравствена Организација од

заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризната состојба до 31 декември 2021 година) и да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

3. Се задолжува Армијата на Република Северна Македонија да продолжи со ангажирање на сили и средства во поддршка на Министерството за внатрешни работи при справувањето со кризната состојба, согласно потребите и развојот на ситуацијата.

4. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, со сите останати засегнати државни институции кои се дел од системот за управување со кризи да ги ставаат на располагање сите расположливи капацитети и ресурси кои може да се ставаат во функција на справување со кризната состојба и да продолжат со континуирано извршување на активностите.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка за 2020 година и Годишниот извештај за работењето за 2020 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со Ревизорски извештај ги донесе новите текстови на следниве одлуки:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2020 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје во 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата по однос на Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2020 година, заклучи да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии, со укажување надлежните органи на претпријатието да ја разгледаат можноста евентуалниот вишок на средства, кои не се опфатени со Инвестиционата програма

на претпријатието да се уплатат во Буџетот на Република Северна Македонија и за истата да се заземе став при разгледувањето на тримесечниот извештај на претпријатието за вториот квартал за 2021 година.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка и Годишниот извештај за работата на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2020 година, со Ревизорски извештај и Предлог - одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид негативното Мислење на Министерството за финансии со оглед дека претпријатието има остварено негативен финансиски резултат, како и со укажување надлежните органи на претпријатието да ја информираат Владата на Република Северна Македонија по однос на преземените активности во врска со забелешките дадени од страна на независниот ревизор.

**Точка 5**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од обезбедување на средства од заем од Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) за изградба на автопатска делница Букојчани - Кичево, како дел од европскиот коридор VIII (државен пат А2) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта до Министерството за финансии да достави писмо со образложение и барање да Министерството за финансии да се обрати до Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) за изразување интерес за заем за изградба на автопатската делница Букојчани - Кичево, како дел од европскиот коридор VIII (државен пат А2) со износ на заемот од 115 милиони евра, најдоцна до 4 јуни 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да достави писмо за изразување интерес за заем за изградба на автопатската делница Букојчани - Кичево, како дел од европскиот коридор VIII (државен пат А2) со износ на заемот од 115 милиони евра, најдоцна до 15 јуни 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, по добивање на позитивен одговор на писмото за интерес од страна на Европска банка за обнова и развој (ЕБОР), веднаш да ги отпочнат потребните активности кои ќе водат кон навремено потпишување на заемот.

**Точка 6**

Владата по Правилникот за формата и содржината на регистарот, формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за одобрување на операторите со храна, начинот на издавањето и повлекувањето на одобрението на објектите за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло, како и формата и содржината на одобрението ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилникот за формата и содржината на регистарот, формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за одобрување на операторите со храна, начинот на издавањето и повлекувањето на одобрението на објектите за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло, како и формата и содржината на одобрението, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за превентивни мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста африканска чума кај свињите и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да обезбеди средства за исплата на свињи од одгледувалиштата каде е утврден висок ризик и спроведена депопулација, односно уништување на свињите.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација, до Владата да достави измени на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2021 година и Уредбата за поблиските критериуми за дирекни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на дирекни плаќања за 2021 година, согласно Мислењето на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Точка 8**

Владата по Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2021 година, со Предлог - одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за потврдување на Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа Барањето согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот буџет на Општина Дебрца за 2021 година и заклучи да не даде согласност на истото, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за образование и наука.

Дополнително доколку предлагачот се усогласи со Министерството за образование и наука и по претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за образование и наука, да достави материјал во редовна владина постапка.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Барт Енерги ДОО Тетово, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за постапката за продажба на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за изградба на објект од јавен интерес, со Предлог-одлука, поради потребата да се обезбедат потребните позитивни мислења од надлежните институции.

**Точка 12**

Владата го разгледа Барањето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во врска со долговите по основ на неплатени комунални сметки на Комисијата за заштита од дискриминација и заклучи Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, со генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија до крајот на неделата да одржат состанок и да изнајдат решение за надминување на ова прашање (изменување и дополнување на соодветен закон или друго законско решение кое би го предложило Собранието на Република Северна Македонија, како основач на Комисијата).

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (кујнска опрема), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа Барањето согласност за расходување на движни ствари, кои се застарени и неупотребливи за понатамошна употреба, со Предлог-одлука (нов текст) и дополнувањето и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува

дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работата на Одборот за Национална рамка на квалификации за 2020 година.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за именување на претседател, заменик - претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Куманово (09-1928/2), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Бутел (09-1927/2), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (09-1926/2), во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈП за железничка инфраструктура, Железници на Република Северна Македонија - Скопје (09-1925/2), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Кочани (09-1924/2), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (09-1923/2), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (09-1922/2), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Штип (09-1921/2), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (09-1920/2), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавна научна установа Хидробиолошки завод Охрид (09-1919/2), во предложениот текст.
11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (09-1918/2), во предложениот текст.

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (09-1917/2), во предложениот текст.

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Битола (09-1916/2), во предложениот текст.

14. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“ Ц.О. (09-1915/2), во предложениот текст.

15. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“ Ц.О. (09-1914/2), во предложениот текст.

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Берово (09-1913/2), во предложениот текст.

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Студеничани (09-1912/2), во предложениот текст.

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Национален парк Маврово, Маврови Анови, Република Северна Македонија (09-1911/2), во предложениот текст.

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (09-1910/2), во предложениот текст.

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Штип (09-1909/2), во предложениот текст.

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Национална опера и балет Скопје (09-1908/2), во предложениот текст.

22. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Казнено-поправна установа Затвор Идризово (09-1906/2), во предложениот текст.

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Охрид (09-1904/1), во предложениот текст.

24. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина (пмв Мерцедес бенз), во предложениот текст.

25. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (пмв Мерцедес Е240), во предложениот текст.

26. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Општа болница „Борка Талески“ Прилеп (пмв Мерцедес), во предложениот текст.

27. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за управување со одземен имот (пмв Фолсваген Пасат), во предложениот текст.

28. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен завод за индустриска сопственост (пмв Сеат Леон), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа и не ја усвои Информацијата за потребата за обезбедување на простор под закуп за потребите на Оперативно-техничка агенција - Скопје.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП 03-154/20 (за КП 19544/1 м.в Моша Пијаде КО Куманово), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.5552/1 и КП бр.5552/2 КО Тетово 2) ДП 03-12/1 (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа Барањето согласност за Листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Дебар и заклучи Општина Дебар да обезбеди мислења од Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, Секретаријатот за законодавство и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и по доставување на горенаведените мислења, а по завршување на локалните избори 2021 година предлагачот да достави нов материјал за разгледување во редовна владина постапка.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници, м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ , државен секретар во Министерството за економија, Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и Илир Шабани, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 24

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 25

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 26

Владата го разгледа Предлогот на фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2022-2024 (со изгледи до 2026), и ја донесе Фискалната стратегија со заклучок предлагачот да го измени резимето во Стратегијата, на страна 2 последниот параграф наместо „над 3 милијарди евра за периодот 2021-2026 година“ да стои „над 4 милијарди евра за периодот 2021-2026 година“ односно да биде износот ист како на страна 5 од Стратегијата, и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

## Точка 27

Владата го донесе новиот текст на Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2022-2024 година (со изгледи до 2026), во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на рокот на отплата и одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата кај кредитната линија од Компензационите фондови „Ковид 2“, со Предлог - одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од Компензационите фондови од странска помош, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за мерките за наплата на даночни долгови на јавните претпријатија како даночни должници и предлог за следни мерки и активности за подобрување на нивната даночна дисциплина и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за економија да направат компаративна анализа на законската регулатива која се однесува на

јавните претпријатија во други земји, со цел да се прилагоди домашната регулатива и да се вградат норми кои ќе гарантираат зајакната одговорност на јавните претпријатија, односно на нивните менаџерски структури, како и да ја известат Владата за извршената анализа со препораки за доуредување на домашната регулатива, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

2.Се укажува на јавните претпријатија на државно и локално ниво во соработка со Министерството за финансии-Управа за јавни приходи (регионални дирекции и Дирекција за големи даночни обврзници) да утврдат мерки и динамика за исплата на неплатените даночни обврски на јавните претпријатија-даночни должници, вклучувајќи и задолжување/гаранција на основачите и правните следбеници за преземање и исплата на долгот на јавното претпријатие-даночен должник и сите други законски можности и за истото да ја информираат Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

3. Се укажува на јавните претпријатија на државно и локално ниво во соработка со Министерството за финансии-Управа за јавни приходи (регионални дирекции и Дирекција за големи даночни обврзници) да ја информираат Владата на Република Северна Македонија два пати годишно и тоа најдоцна еден месец по истекот на полугодието, односно годината, за почетната состојба – износ на заостанати неплатени даночни обврски, извршените уплати и крајната долговна состојба.

4. Се задолжуваат Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да ги следат промените на долговната состојба кај јавните претпријатија-даночни должници и да ја информираат Владата на Република Северна Македонија два пати годишно и тоа најдоцна еден месец по истекот на полугодието, односно годината.

Истовремено, Владата заклучи, годишните извештаи кои не содржат јасни податоци за долгови и годишни планови без репрограми за исплата на долговите, усогласени со Управата за јавни приходи, нема да бидат одобрувани.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализациона мрежа за н.м. Ласкарце, Општина Сарај (нов текст) и притоа го донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на фекална канализациона мрежа за н.м. Ласкарце, Општина Сарај.

2. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021 и 2022 година на Министерството за транспорт и врски, за Изградба на фекална канализациона мрежа за н.м. Ласкарце, Општина Сарај, во вкупна вредност од 29 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2021 година – средства во износ од 4,8 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2022 година – средства во износ од 24,2 милиони денари со вклучен ДДВ.

3. Го задолжи Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог – одлука и Предлог – решение и ја усвои со следниве заклучоци :

- Текстот на Информацијата да се преработи во смисла постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река да биде спроведена во рок од 24 месеци, наместо предходно утврдените 18 месеци од денот на формирањето на Комисијата за спроведување на постапката.

- Го разгледа новиот текст на Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река и ја донесе Одлуката со заклучок: во членот 1 наместо зборовите " "36 месеци" да стои "24 месеци", и

- Го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Тендерска документација за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро", со Тендерска документација (нов текст), ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовна зона „Акумулација Тиквешко Езеро".

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Славица Минчева, ул.Страшо Пинцур бр.190, Ваташа, Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за

склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство трговија и услуги Хем-алијанс ДООЕЛ Неготино, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Винаријасковин група ДООЕЛ Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог за донесување одлука за продажба на недвижен и движен имот (три машини) кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски - Папучар„ АД од Куманово и е доделен на Република Северна Македонија, со Предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на недвижни ствари бр. 45-4022/1 од 11 јуни 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 123/19), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на движни ствари бр.45-4022/2 од 11 јуни 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 123/19), во предложениот текст.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари и недвижни ствари кои претставуваат нераздвојна или технички-технолошка целина со недвижна ствар во сосопственост на државата и трети лица, во предложениот текст.

4. Се задолжуваат Министерството за финансии –Управа за јавни приходи, Агенцијата за управување со одземен имот и Генералниот секретаријат на Владата, до Владата во рок од 3 дена да достават номинација за член и заменик на член за

Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари сопственост на Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата за наредна седница на Владата да достави предлог решение/одлука за формирање на меѓуресорска комисија за продажба.

6. Владата определува, претседателот и заменикот на претседателот на комисијата од Заклучокот бр.5 да бидат од редовите на Министерството за финансии –Управа за јавни приходи, а членовите и заменициte на членовите од редот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за управување со одземен имот.

7. Се задолжува Комисијата по нејзино формирање да ја спроведе постапката за продажба на Одлуката за продажба на движни ствари и недвижни ствари кои претставуваат нераздвојна или технички-технолошка целина со недвижна ствар во сосопственост на државата и трети лица, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи.

**Точка 37**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот на закон за медијација* (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик министер за правда, а за повереници Фросина Тасевска, државен секретар во Министерството за правда и Радица Лазареска - Геровска, државен советник во Министерството за правда.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за правда да изврши усогласување на Изјавата за усогласување на прописот со законодавството на Европската Унија, со Кореспондентна табела со Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 39**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување и го утврди со следниве заклучоци:

1. Членот 4 од Законот да се измени во насока, старосна пензија за пиротехничарите вработени во Дирекцијата да биде идентично како кај вработените во Армијата согласно Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.

2. Во член 7 ставот 2 да се избрише.

3. Членот 9 да се измени во насока Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, извештаите за процена за утврдена загуба на приходот од продажбата на земјоделските растенија и животни и на земјоделскиот имот и штетите на стаклениции и пластеници примени согласно Уредбата за дополнување на Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи да ги доставува до Комисијата при Владата на Република Северна Македонија во форма на збирен извештај со вкупно проценета штета, по што Комисијата поднесува Предлог-одлука до Владата.

4. Текстот на Предлогот на закон да се дополни согласно расправата на седницата со соодветен предлог за изменување на член 115 б од Законот, усогласен со Министерството за финансии.

5. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким

Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник, Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR 29“ во Сојузна Република Германија, со Предлог - одлука, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR 29“ во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешна контрола и спречување и борба против корупцијата и го усвои, со следните заклучоци:

1. Го разгледа и го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешната контрола и спречување и борба против корупција.

2. Се определува министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешната контрола и спречување и борба против корупција.

**Точка 43**

Владата на предлог на предлагачот, ја одложи од разгледување Информацијата за Национална стратегија за ИКТ 2021 – 2025, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 44**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за состојбата на дигиталната трансформација во контекст на електронските услуги, клучни институции, пречки и следни чекори за дигитализација, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - решение за изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за правда, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес (ламинат – таркет), во предложениот текст.

## Точка 48

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/142 на Советот од 5 февруари 2021 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1132, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/2033 на Советот од 10 декември 2020 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/482 на Советот од 22 март 2021 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1585 на Советот од 29 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Истовремено, овој закон да оди во пакет со Законот за социјалната заштита и Законот за заштита на децата.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование од учебната 2022-2023 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука да го одложи започнувањето на имплементација на новите наставни планови и програми по наставните предмети математика, физика, хемија и биологија за I (прва) година на гимназиско образование, средно стручно четиригодишно образование и средно стручно тригодишно образование во сите средни училишта.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на Акцискиот план за статус на проектите финансирани во рамки на ИПА 2 Годишна програма за 2017 „ЕУ Поддршка за образование, вработување и социјална политика" за Министерство за образование и наука, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да го информира Министерството за образование и наука за динамиката на работење на Комисијата за евалуација на проектот 2.4 Подобрување на квалитетот на образованието и да направи процена на потребата за ангажирање на лицата во викенд доколку ценат дека тековната евалуација нема

да заврши до 11.6.2021 година - рок утврден од страна на двете министерства и Делегацијата на Европската Унија.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција/рехабилитација на Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Киро Бурназ-с.Долно Коњаре Куманово, Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Ванчо Питошески-Охрид, Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Моша Пијаде-Тетово и надзор над планираните градежни работи и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција/рехабилитација на Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Киро Бурназ-с.Долно Коњаре Куманово, Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Ванчо Питошески-Охрид, Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Моша Пијаде-Тетово и надзор над планираните градежни работи.

2. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021, 2022 и 2023 година на Министерството за образование и наука за изведување на градежни работи и надзор над градежните работи за реконструкција/рехабилитација на Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Киро Бурназ-с.Долно Коњаре Куманово, Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Ванчо Питошески-Охрид, Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Моша Пијаде-Тетово и надзор над планираните градежни работи и тоа:

- 120.000.000,00 денари од сметка 637 расходи од основен буџет – Програма 36, Ставка 482 и 41448 во 2021 година

- 175.061.893,00 денари од сметка 637 расходи од основен буџет – Програма 36, Ставка 482 во 2022 година.

- 175.061.894,00 денари од сметка 637 расходи од основен буџет – Програма 36, Ставка 482 во 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при подготовка на буџетите за соодветните фискални години.

## Точка 57

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2021/2022 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Министерството за финансии во однос на фискалните импликации кои ќе произлезат со реализација на Одлуката, да се обезбедат во рамки на одобрените средства со Буџетот на Министерството за образование и наука за 2021 година, наменети за дејноста високо образование.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за подготвениот Годишен извештај за 2020 година за имплементација на Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика - (р) ЕСРП 2022, ја усвои и го задолжи Министерството за труд и социјална политика да го достави Годишниот извештај за 2020 година за имплементација на Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика - (р) ЕСРП 2022, до Европската комисија, преведен на англиски јазик, најдоцна до 15 јуни 2021 година.

## Точка 59

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација и Предлог – одлуката за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за локална самоуправа за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за култура да се усогласи со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа.

## Точка 60

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со член 1 од Предлогот на закон, каде што се предлага додавање на нов член 14-а се укажува дека договарањето за производство и откуп на тутун е веќе регулирано со членовите 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 од Законот.

Во врска со член 2 од Предлогот на закон, каде што се предлага ставовите (3) и (4) од член 43 да се бришат се укажува дека сите преработувачки капацитети, односно производители на цигари кои се присутни на нашиот пазар се мултинационални

компании кои како база во производството на цигари користат широколисни сорти на тутун кои не се произведуваат кај нас, а сортите кои се произведуваат кај нас се ориенталски сорти на тутун кои како маса во вкупната количина на цигарата влегуваат со процент од околу 10-15%, односно служат како зачини во производството на цигари.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

<u>Точка 61</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата со Преспанското Езеро, поднесена од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Имајќи ја предвид алармантната состојба со нивото на водата во Преспанското Езеро, кое бележи историски тренд на намалување на водостојот, Експертска работна група воспоставена од Министерството за животна средина и просторно планирање, подготви Извештај за состојбата со Преспанското Езеро и Акциски план за Преспанското Езеро, пропратен со временска и финансиска конструкција за имплементација на предложените мерки.

Во работата на Експертската работна група беа вклучени сите чинители кои имаат ингеренции и долги години работат и истражуваат на подрачјето на Преспанското Езеро од сите релевантни подрачја: биолози, хидролози, геолози, Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Хидробиолошкиот завод, професори, невладини организации итн.

Владата на Република Северна Македонија на Триесет и втората седница одржана на 22 декември 2020 година, го усвои Акцискиот план за Преспанското Езеро, подготвен од Експертската работна група и ги задолжи надлежните институции утврдени во Акцискиот план да обезбедат финансиски средства за реализација на мерките од истиот.
Истовремено, во владина постапка е предлог за воспоставување на Комисија за следење на спроведувањето на мерките од Акцискиот план за Преспанско Езеро, во која ќе бидат вклучени претставниците од Експертската работна група.

Со оглед на фактот дека Преспанското Езеро е трилатерално прашање, поради неговата местоположба и распространетост во три соседни земји, Владата интензивно работи на размена на податоците помеѓу двете страни и воспоставување на координиран управувачки систем со Република Грција и Република Албанија.

Беа одржани состаноци на техничко ниво, како и две билатерални средби со грчкиот министер за животна средина и енергетика.

Како резултат на истото извршени се формални номинации на техничко и високо ниво од страна на трите земји, во рамките на Договорот за заштита и одржлив развој на Преспа Паркот со Грција и Албанија, кој стапи на сила во мај 2019 година, со што Преспа Парк Комитетот е веќе формиран, а првата официјална средба на ова тело е предвидено да се одржи на 29-ти и 30-ти јуни 2021 година.

**Точка 62**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работа на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2020 година е во функција на исполнување на обврската на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија согласно член 67 став 1 од Законот за за здравственото осигурување(„Службен весник на Република Македонија" бр.25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 77/21), според кој Фондот е должен најмалку еднаш годишно да доставува извештај за својата работа и анализа за економско – финансиското работење до Министерството за здравство, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на Годишниот извештај за работа на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 70300 за КО Маџари на КП бр.1901, дел 6 на викано место/улица Благоја Стефковски и по Понудата го усвои новото Известување на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.238 за КО Турје на КП бр. 2356/2, викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2658 и Имотен лист бр.50716 за КО Ѓорче Петров 4 - Влае на КП бр.6819 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александар Гуњовски од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5442 за КО Штип - 5 на КП бр.8276, во место викано Пребег и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба на недвижност, која ќе се одржи на 1 јуни 2021 година, доставено под И.бр.573/21 од 14 мај 2021 година и по истото ги усвои мислењата од Министерството за финансии и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 68**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 69**

1. Владата во врска со Предлог-заклучокот од Четириесеттата седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, одржана на 31 мај 2021 година, а по повод констатирање на незапазување на законските рокови за доставување на кварталните финансиски извештаи од јавните претпријатија, заклучи:

- Се задолжуваат органите на управување на сите јавни претпријатија и трговски друштва кварталните финансиски извештаи да ги доставуват навремено, во рокот утврден во членот 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија, 20 дена по истокот на периодот за кој се однесуваат извештаите, во спротивно истите нема да бидат разгледувани од страна на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**2.** Владата заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, да постапат по заклучокот од Точка 2 од Педесет и третата седница на Владата одржана на 12 март 2021 година и да ги исплатат предвидените средства на сите активни членови и заменици членови на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

Истовремено, потребно е горенаведените средства да бидат исплатени 30% од буџетот на Министерство за животна средина и просторно планирање а 70% од буџетот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Барањето доставено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за изменување на Заклучокот под бр.2, од точка 7, од Извадокот од Нацрт – записникот од Седумдесет и третата (тематска) седница на Владата, одржана на 27 мај 2021 година со кој се измени Заклучокот под број 2, од Точка 8, од Извадокот од Нацрт – записникот од Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2020 година и заклучи истиот да гласи:

„2. Се овластува амбасадорот на Република Северна Македонија во Киев, Украина Крум Ефремов, во име на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Државната служба на Украина за безбедност на храна и заштита на потрошувачите“.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 22 мај 2021 година до 28 мај 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и

транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 20 мај 2021 до 26 мај 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за оценување на пристигнати предлог проекти, врз основа на кои ќе биде доделена финансиска помош од јавен повик за финансиска поддршка за компании - оператори од индустријата за организирација на настани, агенции кои организираат настани и други, во предложениот текст.

**7.** Владата го разгледа Барањето за финансиска поддршка за организација на Светско првенство во тенис (ДЕЈВИС КУП за мажи - Европска група 4 со Протокол) од Тениска федерација на Северна Македонија-Скопје и ги задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за млади и спорт, во рамките на своите буџети, да изнајдат начин финансиски да се поддржи овој настан.

**8.** Владата ја разгледа Предлог – одлуката за формирање „Работна група за подготовка на измени и дополнувања на законодавството за декриминализација, легализација и искористување на медицинските, социјалните и економските придобивки на канабисот", (доставена согласно заклучокот број 4, точка 76 од Седумдесет и првата седница на Владата, одржана на 18 мај 2021 година, дополнета со проф. д-р Миле Маркоски, вондреден професор, по барање на Факултетот за земјоделски науки и храна, при УКИМ) и ја донесе Одлуката за формирање „Работна група за подготовка на измени и дополнувања на законодавството за декриминализација, легализација и искористување на медицинските, социјалните и економските придобивки на канабисот", во предложениот текст.

**9.** Владата ја разгледа Информацијата за допрецизирање на мерка 7 од петти сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски во рок од три дена да достави список на регистрирани компании за меѓународен линиски и/или слободен превоз на патници до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**10.** Владата ја разгледа листата на програми на буџетските корисници во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" и заклучи:

-Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија,

Министерството за локална самоуправа - Биро за регионален развој, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-НЕР АД-Скопје, во државна сопственост, Електрани на Северна Македонија, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот 2010 – 2020 година најдоцна до 4 јуни 2021 година да ги достават податоците од програмите кои се во нивна надлежност до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, односно истите да ги внесат во електронскиот систем СИРЕРА согласно упатствата за ракување со системот.

## Точка 70

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 71

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1 јули 2020 до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- органите на управување на претпријатието, кварталните извештаи за работењето да ги доставуваат навремено, во рокот утврден во членот 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија, во спротивно истите нема да бидат разгледувани на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика;

- за следната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика да биде доставен и тримесечниот извештај за четвртиот квартал за 2020 година, во спротивно истиот нема да биде разгледан од Комисијата.

**Точка 73**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот јануари-март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје, за периодот јануари-март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за одложување, односно не реализирање на проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог активности за имплементација на дадените препораки во извештајот „Проценка на ранливост од корупција во политиките и постапките за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам “, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со КОВИД-19 кризата, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата по спроведена внатрешна контрола колкави количини од наведените нафтени деривати се увезени од 2018 година до 2020 година и под која царинска шифра е извршен увозот и дали податоците во декларациите соодветствуваат со дериватот што е увезен како материјал за информирање.

По овој повод, имајќи ги предвид предлозите изнесени во расправата на седницата, Владата ги усвои следниве заклучоци:

1. Се задолжува Царинската управа да спроведе внатрешна контрола за сите компании кои работат со мазут, односно нафтени деривати опасни по здравјето и животната средина, кои биле увезени како мазут и се користеле како гориво за греење во повеќе државни институции, но и како гориво во приватни компании во земјата, односно да се испита колкави количини од наведените нафтени деривати се увезени од 2018 година до 2021 година, под која царинска шифра е извршен увозот и дали податоците во декларациите соодветствуваат со дериватот што е увезен и за истото да ја информира Владата во рок од седум дена.

2. Се задолжува Царинската управа да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави детален извештај во однос на увезената стока во Република Северна Македонија од 2018 година до 2021 година со трговски назив „масло за ложење“ или

индустриско масло, за која намена е истото увезено и каде завршиле овие количини.

3. Се задолжува Царинската управа да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави извештај во однос на постапувањето на Царинската управа во врска со поднесените претставки до Царинската управа во врска со мазут и постапувањето по истите, во периодот од 2018 година до 2021 година, како и тоа дали за тие претставки соодветно се информирани надлежните институции.

4. Се задолжува Царинската управа да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави извештај за сите контроли што ги направила Царинската управа во периодот од 2018 година до 2021 година при влез/увоз на мазут во Република Северна Македонија преку лабораторијата на Царинската управа, како и за контролите направени преку приватните лаборатории.

5. Се задолжува Царинската управа да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави извештај со споредбени податоци со земјите од кои се увезувало мазут, во смисла дали и од тие земји од кои се увезувал, истиот излегувал како мазут.

Дополнително, имајќи ја предвид содржината на доставените материјали по точките 82, 83, 84, 85 и 86 од Дневниот ред на седницата и врз основа на предлозите изнесени во расправата, Владата заклучи:

1. Се задолжува Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во соработка со м-р Крешник Бектеши, министер за економија, за наредната седница на Владата да ги искоординираат и да ги сублимираат сите податоците од доставените информации и извештаи од Царинската управа, Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за животна средина, како и од извештаите што дополнително треба да се подготват и достават до Владата од страна на Царинската управа во комплетна детално разработена информација имајќи ги предвид сите аспекти изнесени при расправата на седницата.

Се задолжува Царинската управа да ги споделува сите информации за увоз/влез на нафта, нафтени деривати и мазут во Република Северна Македонија, согласно електорнскиот систем со Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за животна средина, со цел поефикасно спроведување на соодветните надлежности на овие институции.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за наодите од истражувањето спроведено кај корисници на мазут-инсталациите во надлежност на Државниот инспекторат за животна средина и на овластените инспектори за животна средина на општините, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата од Биро за метрологија во врска со контрола на неискористени количини на мазут во државните институции, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата по спроведен вонреден инспекциски надзор со Мобилната лабораторија за испитување на хемиски вредности и физички константи на јаглеводороди во нафтените деривати во компаниите што увезуваат, како и во институциите што користат вакви горива, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за тоа во кои и за колку случаи, за кои пратки и фирми Државниот пазарен инспекторат ја има користено Мобилната лабораторија за испитување на хемиски вредности и физички константи на јаглеводороди во нафтените деривати, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со задолжението по точка 66 од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 18 мај 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со функционирање на ТД за угостителство, одмор и рекреација на пензионери „Борец“ ПИОМ ДОО Битола и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да отпочне постапка за продажба на објектот заведен во ИЛ 30887, КП 14691, КО Битола 3, со вкупна површина од 5401 м2, кој е во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

2. Се задолжува Бирото за судски вештачења да изработи проценка на пазарната вредност на објектот хотел Борец-Битола.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација

за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности за подготовка на учеството на Република Северна Македонија на „EXPO Dubai 2020” и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура, а им се укажува на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Фондот за иновации и технолошки развој да ги започнат подготовките за учество на EXPO 2020 Dubai и да го известуваат Министерството за надворешни работи на месечна основа за прогресот на нивните подготовки.

2. Се задолжуваат Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура, а им се укажува на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Фондот за иновации и технолошки развој да предвидат финансиски средства за реализација на нивните активности во рамки на EXPO 2020 Dubai.

3. Се укажува на Јавниот сервис Македонската радиотелевизија (МРТВ) и на Македонската информативна агенција да обезбедат медиумско покривање на Националниот ден на Република Северна Македонија во ЕКСПО 2020 Дубаи (22 февруари 2022 година) како и за свеченото отворање (1 октомври 2021 година) и церемонијата на затворање на ЕКСПО 2020 Дубаи (31 март 2022 година).

**Точка 90**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и заклучи истата повторно да се разгледа на некоја од наредните седници на Владата, заедно со Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност за 2020 година на Основниот буџет на Република Северна Македонија.

**Точка 91**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за регистрирани компании за меѓународен линиски и/или слободен превоз на патници и предлог – пресметка за исплата на износот на финансиска поддршка согласно мерките 7 и 8 од петтиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на COVID -19, ја усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изврши исплаќање на помошта согласно мерките 7 и 8.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2021 година, со индикативно планирани средства за 2022 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев